ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 17 ДАТА 03.05.2019 ГОДИНА 37

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 17 ДАТА 03.05.2019 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИАИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 30.04.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕСА„ с. Добри Дол: Бајрами Е. Алмир, Авзии А. Ерион, Зуљфиу М. Амин, Селмани З. Месуд, Салмани З. Јасин, Адеми С. Алемин, Џабири Х. Азиз, по член 35/1.

**Седница од 30.04.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДАРДАНЕТ„ Тетово: Красниќи Е. Шклќим, Абдулахи А. Енес и Деари А. Дритон по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Незири Е. Аган од ФК „Велазерими„ од с. Слатино со Ид.број 133779 поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 02.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФОРЦА НОВА„ Скопје: Стојановски Д. Алек, Нанчовски Р. Максим, Павковиќ Б. Милан и Халими Н. Еурон, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 02.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ГАБЕР„ с. Ваташа: Мантев Никола од ФК „Глишиќ„ од Глишиќ, по чл. 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 29.04.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЈАНГ ТИМ„ Струга: Биба Арбер и Даути Ерди, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Струга фудблерот Алиевски Енис со Ид.број 126262 од ФК „Струга Трим Лум„ од Струга, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 02.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЕРОДРОМ, 2018„ Скопје: Николовски Т. Петре, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фдубалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Кисела Вода„ Скопје, фудбалерот Соколовски Д. Михаел од ФК „Кул Здравје„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

**Седница од 30.04.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ОСК ФЕР ПЛЕЈ„ Охрид: Јовановски Г. Бојан, Стефаноски Н. Теодор и Андреј Н. Ванѓеловски, по член 35/1.

ЖФК „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ 2010„ Охрид: Јанчевска М. Анастасија, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 29.04.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БАШКИМИ 1947„ Куманово: Мурати Садам од ФК „Прогон„ од Куманово, по член 35/4.

ФК „КУМАНОВА МИЛАНО 2010„ Куманово: Мехмети Љабинот, Мехмети Арљинд, и Земаили Берин, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Јашари Шенгиљ од Фудбалскиот клуб „Башкими 1947„ од Куманово за Фудбаклскиот клуб „Башкими 1947„ од Куманово, по член 35/2, бидејќи нема округли печат на пријавата за регистрација од Оптинскиот фудбалски сојуз.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 10-784/4
19. 04 2019 год.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Сандра Михајловски – член, Симона Костадинова-член, Сабри Алими - член постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Њу Старс Скопје, пр.бр. 10-784/3 од 12.04.2019 година против одлуката на Младинската комисија на ФФМ бр. 16-784/2 од 09.04.2019 година, врз основа на член 145 од ДП на ФФМ, на седницата одржана на ден 19.04.2019 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува жалбата поднесена од ФК Њу Старс Скопје, пр.бр. 10-784/3 од 12.04.2019 година.

2. Одлуката на Младинската комисија на ФФМ бр. 16-784/2 од 09.04.2019 година со која во т.1 се отфрла во целост како неоснована жалбата на ФК Њу Старс-Скопје со архивски број 16-706/1 од 01.04.2019 година;во т.2 Натпреварот помеѓу ФК Њу Старс-ФК Вардар АД во категорија Пионери-Супер лига одигран на ден 31.03.2019 година се регистрира со постигнатиот резултат СЕ МЕНУВА и гласи: во т.1.Се усвојува жалбата поднесена од ФК Њу Старс Скопје; во т.2 Натпреварот помеѓу ФК Њу Старс-ФК Вардар АД во категорија Пионери-Супер лига одигран на ден 31.03.2019 година се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на ФК Њу Старс Скопје.

3. Одлуката е конечна.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ФК Њу Старс Скопје, незадоволен од одлуката на Младинската комисија на ФФМ бр. 16-784/2 од 09.04.2019 година , поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган со мислење бр.16-855/1-5/1 од 18.04.2019 година.

Во жалбените наводи, жалителот наведува дека во одлуката на Младинската комисија на ФФМ погрешно е утврдена фактичката состојба со тоа што наместо да се утврди дека немал право на настап,утврдено дека фудбалерот на ФК Вардар АД Скопје Игнатов Леонид ИД 111605 исклучен на натпреварот од 17 коло ФК Победа АД- ФК Вардар АД –во кадетска конкуренција, со тоа што не настапил за кадетската екипа во 18 коло, имал право да настапи во истото коло за пионерската екипа на ФК Вардар АД . Жалителот смета дека одлуката е донесена спротивно на прописите на ФФМ на начин што не се земени во предвид и одредбите од член 21 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Жалителот бара, Комисијата одлуката да ја укине или да донесе одлука, натпреварот помеѓу ФК Њу Старс-ФК Вардар АД во категорија Пионери-Супер

лига одигран на ден 31.03.2019 година да се регистрира со службен резултат во корист на ФК Њу Старс Скопје.

Комисијата при постапување ги зема во предвид материјалните докази достапни на комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- жалба до Младинска комисија бр. 16-706/1 од 01.04.2019 година;
- записник од натпреварот ФК Победа АД – ФК Вардар АД 17 коло кадетска конкуренција;
- записник од натпреварот ФК Вардар АД - ФК Њу Старс 18 коло кадетска конкуренција;
- записник од натпреварот ФК Њу Старс - Вардар АД - ФК 18 коло пионерска конкуренција;
- одлука на ДК бр. 08-743/19-20 од 22.03.2019 година за забрана на настап на Игнатов Леонид;
- изјава по жалба од ФК Вардар АД Скопје;
- принт од Комет системот за играчот Игнатов Леонид
- записник од седница на младинска комисија одржана на 09.04.2019 година;
- Одлука на Младинска комисија бр. 16-784/2 од 09.04.2019 година;

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 16.03.2019 година во Прилеп, во рамките на 17 коло во млади категории - Супер лига, одигран е првенствен натпревар помеѓу кадетските екипи на ФК Победа АД – ФК Вардар АД. На натпреварот поради втор жолт картон во 33 минута исклучен е фудбалерот на ФК Вардар АД со бр. 10 Игнатов Леонид ИД 111605.

На фудбалерот му е изречена дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени/куп натпревари (евидентно од одлуката бр. 08-743/19-20 од 22.03.2019 година).

Во рамките на 18 коло во млади категории - Супер лига, на ден 30.03.2019 година во Скопје, одигран е првенствен натпревар помеѓу кадетските екипи на ФК Вардар АД - ФК Њу Старс. На натпреварот фудбалерот Игнатов Леонид ИД 111605 не настапил.

Во рамките на 18 коло во млади категории - Супер лига, на ден 31.03.2019 година во Скопје, одигран е првенствен натпревар помеѓу пионерските екипи на ФК Њу Старс - Вардар АД. На натпреваро со бр.10 настапил Игнатов Леонид ИД 111605.

По одигрување на првенствениот натпревар од 18 коло помеѓу пионерските екипи на ФК Њу Старс - Вардар АД Скопје, на кој фудбалерот Игнатов Леонид настапил, ФК Њу Старс доставил жалба по натпреварот. Првостепениот орган на седница од 09.04.2019 год. постапувал по жалбата и врз основа на член 20 став 3 од ДП на ФФМ и принт од Комет системот утврдил дека казната му завршила на 30.03.2019 година поради што ја одбиле жалбата и натпреварот од 18 коло ФК Њу Старс - Вардар АД Скопје во пионерска конкуренција го регистрирале со постигнат резултат.

По утврдување на фактичката состојба Комисијата констатира дека првостепениот орган во образложението на одлуката делумно ја утврдил фактичката состојба и нецелосно го применил материјалното право и врз

основа на така утврдена фактичка состојба ја донел обжалената одлука. Првостепениот орган, одлуката ја донел врз основа на преглед од Комет системот и член 20 т.3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ па така утврдил времетраење на казната. При утврдување на тоа времетраење ги земал во предвид делумно одредбите од ДП на ФФМ но притоа не ја земал во предвид одлуката бр. 08-743/19-20 од 22.03.2019 година и во која за споменатиот фудбалер е утврдена дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени/куп натпревари и со која **правилно** органот утврдил од кога казната почнала да тече а не до кога трае. Ваквото постапување е во согласност со актите на ФФМ имајќи во предвид дека, во времето на носење на одлука со која се забранува настап на одреден број натпревари, не може да се утврди кога мерката завршува бидејќи завршувањето е условено од распоредот на првенствените и куп натпревари.

Од тие причини првостепениот орган времетраењето на казната не можел и не смеел да го утврдува само врз основа на податоците кои му биле презентирани како доказ од електронскиот систем без притоа да се осврне на нивната материјална основаност, односно да ја утврди нивната веродостојност во поединечните и општи акти на ФФМ. Податоците од електронскиот систем кои не произлегуваат од материјалното право не произведуваат правно дејство. Така покрај одредбата од член 20 т.3 од ДП на ФФМ каде стои:
„Играчот казнет со забрана на настап на одредено време нема право на настап на јавни натпревари за времето додека трае казната.... ,при носење на одлуката морало да биде земена во предвид и одредбата од став 6 на истиот член каде стои:
„ Начинот на извршувањето и пресметувањето на овој вид на казна е регулиран во член 21 од овој Правилник."
При одлучување, требало да биде земена во предвид одредбата од член **21 став 2** ДП на ФФМ каде стои:
„Ако станува збор за играч кој истовремено настапува и за екипа од повозрасна категорија, казната му се пресметува **според категоријата на екипата во која настапувал** кога го сторил прекршокот со тоа што **за времетраењето на казната нема право на настап за ниедна категорија во клубот**.

Комисијата утврди дека фудбалерот Игнатов Леонид ИД 111605 добил дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени/куп натпревари на натпревар од 17 коло во Првата Супер лига. Согласно одредбите на ДП на ФФМ, црвениот картон претставува автоматска суспензија. Казната почнала да тече од 17.03.2019 година и истиот немал право на настап на првиот првенствен или куп натпревар во категоријата во која го добил прекршокот и за која инаку би имал право да настапи. Првенствените натпревари се играат во кола. За дисциплинската мерка да се смета за истечена, фудбалерот требало да ненастапи на првенствен натпревар во наредното 18 коло или да не настапи на првиот куп натпревар во конкуренцијата во која го добил црвениот картон. Бидејќи се работи за фудбалер кој истовремено настапува и може да настапи за повеќе категории на екипи во клубот, согласно член 21 став 2 од ДП на ФФМ, фудбалерот немал право на настап во 18 коло од Супер лигата за ниедна категорија во клубот.

Земајќи го во предвид погоренаведеното, Комисијата утврди дека фудбалерот Игнатов Леонид со ИД број 111605 немал право на настап на

натпреварот ФК Њу Старс – ФК Вардар АД, па врз основа на член 145 став 1 алинеа 2 а во врска со член 20 и 21 од ДП на ФФМ и член 100 став 1 т.5 од Правилникот за натпреварување на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Зам.претседавач
Димитар Трајчевски

доставено до:
- Младинска комисија на ФФМ
- ФК Њу Старс Скопје
- ФК Вардар АД Скопје
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-906/1

Втора МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 02.04.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 02.04.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ТЕТЕКС АД - Тетово се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 23 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 18/19 помеѓу, ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - ФК ТЕТЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: Валон Зеќири со ИД 101163 фудбалер на ФК Тетекс АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон ( прв во 69 минута поради неспортски однос и втор во 69 минута поради неспортски однос ) на натпревар во рамки на 23 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу ФК Струга Трим Лум-ФК Тетекс одигран на 26.04.2019 година во Струга.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ТЕТЕКС АД - Тетово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-907/1

Втора МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 02.04.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 02.04.2019 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК Гоблен Јуниор - Куманово се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 23 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 18/19 помеѓу, ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - ФК Гоблен Јуниор, ја констатира следната фактичка состојба: Љутвиу Мергим со ИД 105306 фудбалер на ФК Гоблен Јуниор се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон ( прв во 70 минута поради недозволен старт и втор во 82 минута поради некоректен однос ) на натпревар во рамки на 23 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77- ФК Гоблен Јуниор одигран на 27.04.2019 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК Гоблен Јуниор - Куманово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-908/1

Прва МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 02.04.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 02.04.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ШКЕНДИЈА АД - Тетово се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 31 коло на Прва МФЛ 18/19 помеѓу, ФК ШКЕНДИЈА АД - ФК ШКУПИ- 1927 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Егзон Бејтулаи со ИД 101595 фудбалер на ФК Шкендија АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон ( прв во 52 минута поради недозволен старт и втор во 64 минута поради недозволен старт) на натпревар во рамки на 31 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Шкендија Ад-ФК Шкупи 1927 АД одиграна на 27.04.2019 година во Тетово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ШКЕНДИЈА АД - Тетово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 18-880/2.5-1

Футсал: 2018 - 2019

Скопје: 10.04.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за Мал фудбал, Комисијата за Мал фудбал на ден 10.04.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КМФ Мал Ајакс -Штип се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за Мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 20 коло Втора Футсал Лига помеѓу КМФ Бицо-КМФ Мал Ајакс, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот КМФ Мал Ајакс Донев Михаил со ИД број 115420 исклучен со директен црвен картон во 10 минута поради неспортско однесување на натпреварот од 20 коло Втора футсал лига помеѓу екипите на КМФ Бицо-КМФ Мал Ајакс одигран на ден 05.04.2019 година во Куманово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ Мал Ајакс -Штип
- МакФудбал
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседавач

Добре Иванов с.р.

Дисциплинска Комисија

0801-607/3
28.03 9

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член ,Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-607/1 од 19.03.2019 година против Ф.К.Лабуништа поради сторен прекршок според пропозиции за натпреварувње член.20 ст.3 и занемарување на обврски член 85 од Дисциплински правилник на ФФМ на натпреварот одигран во рамки на 16 коло Втора МФЛ одигран на ден 17.03.2019 година помеѓу Ф.К.Лабуништа-Ф.К.Тетекс АД на Градски Стадион во Струга на седницата одржана, на 28.03.2019 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **Ф.К.Лабуништа СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од500(Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Лабуништа** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-607/1 од 19.03.2019 година против Ф.К.Лабуништа поради сторен прекршок според пропозиции за натпреварувње член.20 ст.3 и занемарување на обврски член 85 од Дисциплински правилник на ФФМ на натпреварот одигран во рамки на 16 коло Втора МФЛ одигран на ден 17.03.2019 година помеѓу Ф.К.Лабуништа-Ф.К.Тетекс АД на Градски Стадион во Струга,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Екипата Ф.К.лабуништа на натпреварот одигран во рамки на 16 коло Втора МФЛ одигран на ден 17.03.2019 година помеѓу Ф.К.Лабуништа-Ф.К.Тетекс АД на Градски Стадион во Струга ги занемарила своите обврски и направила прекршок според пропозиции за натпреварување член.20 ст.3, и член 85 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 85 ст.8 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите отежителни и олеснителни околности, како и фактот дека клубот претходно не е казнуван за вакви прекршоци па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.

Деловоден бр. 0801-607/3

**ПРАВНА ПОУКА:** **Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ДН:**

**Ф.К.Лабуништа**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

0801-670/3
03.04. 19

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-670/1 од 26.03.2019 година против Ф.К.Борец 1919 од Велес за слаба организација ,односно навредување по национална основа од страна на навивачите на Ф.К.Борец 1919 од Велес на натпреварот одигран во рамки на 17 коло Втора МФЛ одигран на ден 23.03.2019 година помеѓу Ф.К.Борец 1919 –Ф.К.Кит Го на Градски стадион во Велес,на седницата одржана, на 03.04.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **Ф.К.Борец 1919 Велес СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 300(Триста) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Борец 1919 Велес** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-670/1 од 26.03.2019 година против Ф.К.Борец 1919 од Велес за слаба организација ,односно навредување по национална основа од страна на навивачите на Ф.К.Борец 1919 од Велес на натпреварот одигран во рамки на 17 коло Втора МФЛ одигран на ден 23.03.2019 година помеѓу Ф.К.Борец 1919 –Ф.К.Кит Го на Градски стадион во Велес,,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ,изјава од клубот Ф.К.Борец 1919.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:
За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К.Борец 1919-Ф.К.Кит Го одигран во рамки на 17коло Втора МФЛ на ден 23.03.2019 година во 14-30 часот на Игралиште Градски стадион во Велес,на натпреварот биле присутни припадници од МВР-СВР-ОВР 50 лица.
Навивачка група Гемиџии во текот на натпреварот одигран во рамки на 17 коло Втора МФЛ одигран на ден 23.03.2019 година помеѓу Ф.К.Борец 1919-Ф.К.Кит Го на Градски стадион во Велес ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот имала истакнато транспраент на кој пишувало(Солунски Атентатори) делегатот на натпреварот и преставникот од комисијата за безбендост на ФФМ побарале да се отстрани но навивачката група одбила да го отстрани транспрентот тие го одбиле тоа , во 88 минута од натпреварот биле навивачката група на домашната екипа Ф.К.Борец 1919 недолично се однесувала и извикувала слогани со навредлива содржина при што била

опомената од официјалниот спикер преку разглас,после тоа прекинале со таквото однесување а натпреварот продолжил во нормален тек

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 и челн 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.Комисијата при отцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната го имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ каде е утврдено"Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи)функционери и службени лица на клубот,било на свој или туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување" , и јасно произлегува дека клубот е одоговорен за однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки на обезбедување.Согласно горенаведеното,недвосмислено произлегува одоговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од ДП на ФФМ кој што е акт на ФФМ,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци,видовите на казни,субјектите на дисциплинската одоговорност и постапката за казнување.Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци.

Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности што постојат во конкретниот случај,па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ДН:**

**Ф.К.Борец 1919**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Деловоден бр. 0801-670/3

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 08-737/1-2**
**Скопје: 09.04.2019**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за Мал фудбал на ФФМ против КМФ Овче Поле од Свети Николе,согласно член 35,од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 09.04.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. **КМФ Овче Поле –Свети Николе се казнува со дисциплинска мерка ОПОМЕНА.**
2. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**КМФ Овче Поле од Свети Николе се казнува со дисциплинска мерка ОПОМЕНА а поради не допатување на првенствен натпревар од Втора футсал лига во рамките од 17 коло со екипата на КМФ Град Херој кој требаше да се одигра на 14.03.2019 година во 19.00 часот во Македонски Брод.Имено Дисциплинската комисија при увид на списите на предметот поточно одлуката од Комисијата за мал фудбал и тоа регистрирање на службен резултат со 3:0 за екипата на КМФ Град Херој и изјавата на КМФ Овче Поле одлучи како во изреката на оваа одлука а согласно член 35 од ДП на ФФМ.**

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- КМФ Овче Поле-Свети Николе
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседавач
Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-737/1.3

Футсал Втора Лига 2018 - 2019

Скопје: 09.04.2019 Година

Врз основа на член 57 и 59 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Комисија за Мал Фудбал на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 09.04.2019 година донесе:

## О Д Л У К А

1. КМФ"Шкендија"Тетово-се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Казната тече од 09.04.2019 година.

3. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник ја казнува екипа на КМФ "Шкендија" од Тетово поради неодигрување на првенствен натпревар од **3-**то коло во Прва Футсал Лига (плеј аут) против екипата на КМФ "Црна Река" од Кавадарци кој требаше да се одигра на ден 17.03.2019 година во 19,00 во Кавадарци.

